# ГОЛЕМАТА ТЕОРЕМА НА ФЕРМА

*Стефан Мирчевски*
*Институт за математика*
*Природно-математички факултет*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*
e-mail: stefan_mircevski@outlook.com

Ќе биде даден осврт на една од најфамозните теореми за човешството, големата (последната) теорема на Ферма. На почетокот ќе бидат дадени информации за животот и залагањата на Ферма, па сè до идејата за неговата голема теорема. Во склоп со овој математички феномен, ќе бидат проследени обидите на Ојлер, Дирихле, Лежандр и други, за докажување на оваа теорема, како и за нивните извесни „пропусти“ во доказите. Крајот на ова 300 годишно патешествие низ теоријата на броеви и потрагата по целосен доказ на теоремата ќе биде заокружено со Ендру Вајлс и неговото големо откритие. Низ соодветни слики и записи ќе биде запазена историската хронологија на настаните, иако, во целост оваа тема има математичко значење.